24586

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
21. OKT. 1978 , 4765/11

**Во организација на Музејот на современата уметност во Скопје**

# САНДЕВО ДОМАЌИН НА НАИВЦИТЕ

- **ВО ПАРТИЗАНСКИОТ ДОМ ВО САНДЕВО, СКОПСКО, ДЕНОВИВЕ Е ОТВОРЕНА РЕПРЕЗЕНТАТИВНАТА ИЗЛОЖБА „НАИВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА ЈУГОСЛАВИЈА"**
- **ОВАА ИЗЛОЖБА НАСКОРО ЌЕ БИДЕ ПРЕНЕСЕНА И ВО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО КУЧЕВИШТЕ**

**Во изложбените простории на Партизанскиот дом во Сандево, Скопско, деновиве во организација на Музејот на современата уметност од Скопје, е отворена репрезентативната изложба под назив: „Наивните уметници на Југославија — избор од Колекцијата на МСУ".**

На изложбата се поместени 21 слика, цртежи и графики од реномирани современи југословенски наивни уметници, меѓу кои ќе ги спомнеме и имињата на **Иван Лацковиќ, Јанко Брашиќ, Матија Скурјени, Јоже Хорват—Јаки, Вангел Наумовски** и други.

Оваа изложба, освен кај учениците и граѓаните во **Сандево**, предизвика големо интересирање и кај учениците и жителите на селата **Чучер, Бањани, Мирковци, Оризари и Браздa**.

Изложбата „Наивни уметници на Југославија", во текот на идната недела ќе биде пренесена и во Домот на културата во село **Кучевиште**.

Музејот на современата уметност во Скопје со својата долгогодишна практика на презентирање на пригодни и тематски изложби по скопските работни организации и по селата во Скопско врши една мошне благородна дејност и дава значаен придонес во приближувањето до работниот човек на врвните достигања во областа на современата југословенска и светска ликовна уметност преку што на широк план се врши влијание во формирањето и развивањето на естетското чувство кај многубројните посетители на изложбите.

**Т. Ш.**